РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 03-13/9
20.01.20 26 год. - vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за производство, трговија и услуги
ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 02/2026
20.01 2026 год.
с.Јегуновце, Јегуновце

Рамковна спогодба за

Набавка на канцелариска опрема

Склучен помеѓу:

1. Општина Јегуновце, (во натамошниот текст: ***Договорен орган***) **од една страна,** застапуван од Градоначалникот на општината, Димитар Костадиновски **и**
2. Друштво за производство, трговија и услуги ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ експорт-импорт с.Јегуновце, Јегуновце, _ (во натамошниот текст: ***Економски оператор***) **од друга страна** претставувана од управителот Горан Тофиловски

ПРЕДМЕТ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

Член 1

Предмет на оваа рамковна спогодба е: **Набавка на канцелариски опрема** за потребите на Договорниот орган согласно техничката спецификација од тендерската документација која е составен дел на договорот.

Со оваа рамковна спогодба се регулираат меѓусебните односи на договорните страни за испорака на стоки – предмет на овој договор, согласно спроведената постапка со набавка од мала вредност, оглас бр.23831/2025 објавена на веб страницата на Бирото за јавни набавки и одлуката за избор на најповолен понудач бр.05-13/6 од 09.01.2026 год.

ВРЕДНОСТ

Член 2

Вкупната вредност на оваа рамковна спогодба изнесува **300.000,00 без ДДВ** односно 354.000,00 **со ДДВ** и е наведена во понудата на економскиот оператор прилог кон овој Договор.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 3

Плаќањето на цената по член 2 на овој договор ќе се изврши вирмански одложено во рок од 30 дена, од денот на испораката и доставувањето на фактурата кон која е приложена соодветна документација за испорака согласно одредбите на овој Договор.
Задолжителни елементи на фактурата која ја доставува економскиот оператор на набавката се:

-Количина
-Цена на нарачаната стока

Доколку економскиот оператор не ја достави уредно потпишана и заверена целокупната документација од став 2 на овој член, Договорниот орган не сноси никаква одговорност за наплаќање за извршената испорака.

ОБВРСКИ НА ЕКОНОМСКИОТ ОПЕРАТОР

Член 4

Економскиот оператор се обврзува стоките кои се предмет на член 1 на овој Договор по однос на квалитет да ги изврши согласно доставената понуда.

Економскиот оператор е должен да издаде испратница за испорачаните стоки потпишана од лицата задолжени од договорниот орган, одговорното лице на економскиот оператор и лицето што ги испорачува.

Економскиот оператор е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин: согласно писмената нарачка од овластено лице на договорниот орган во ро од 20 дена.

Член 5

Економскиот оператор се обврзува испораката на стоките да ги изврши според видот и количината определена во член 1 од овој Договор и во рокот определен во член 7 од овој Договор.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 6

Договорниот орган се обврзува дека ќе ја исплати вкупната цена за извршените услуги определени во членот 2 од овој Договор на начин определен во членот 3 од оваа рамковна спогодба.

Договорниот орган се обврзува електронски или хартиено да достави писмено барање за набавка на услугите од предметната набавка.

Барањето ќе содржи: количина, цена, место, контакт лице.

РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 7

Економскиот оператор е должен стоките предмет на договорот да ги испорачува во рок, место и количина утврдени во нарачката од овластено лице на договорниот орган согласно описот од техничката спецификација, сукцесивно во период од три месеци од денот на потпишување на рамковната спогодба или до исцрпување на количините. Рокот и местото на испорака се задолжителни.

Член 8

Договорниот орган може да побара предметот на набавка да ја изврши друг економски оператор, а разликата на цената паѓа на товар на економскиот оператор од овој договор.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине рамковната спогодба.

Член 10

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна 5 дена по претходно писменото известување.

ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИ НЕДОСТАТОЦИ

Член 11

Материјалниот недостаток постои ако материјалите ги немаат потребните својства за нивна редовна употреба и/или ги немаат својствата утврдени со тендерската документација.

Член 12

Договорниот орган има право извршените испораки да ги провери за да утврди дали постојат недостатоци, со право на рекламација во рок од 8 дена.

Доколку проверката се изврши во присуство на двете страни ***Договорниот орган*** е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на ***Економскиот оператор*** веднаш, и да изготви писмен документ кој ке биде потпишан од двете страни.

ИЗМЕНА НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА ЗА ЈАВНА НАБАВКА ВО ТЕКОТ НА НЕГОВАТА ВАЖНОСТ

Член 13

Сите евентуални барања за измена на договорот за јавна набавка во периодот на негова важност односно во текот на реализацијата на договорот може да дојде до негово менување доколку се исполнети условите согласно со член 119 од Законот за јавните набавки.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 14

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од **оваа рамковна спогодба** само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на **оваа рамковна спогодба** се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 15

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорените страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава надлежниот суд во Тетово.

Член 16

Оваа рамковна спогодба е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за договорниот орган, и 2 (два) за економскиот оператор.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
ДЕКО-ИГИ-ТИМ ДООЕЛ
Управител
Горан Тофиловски

Составен дел на овој Договор е:
а) Понудата на Носителот на набавката

Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 23831/2025 објавен од страна на Општина Јегуновце, за Набавка на канцелариска опрема, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

Финансиска понуда

Реден број	Шифра	Име на продукт	Мерна единица	Количина	Единечна цена	Вкупна цена (без ДДВ)	ДДВ	Цена со ДДВ
1	39111100-4	Набавка, транспорт и монтажа на ергономски работен стол	Парче	1,00	7.628,00	7.628,00	(18%) 1.373,04	9.001,04
2	39121100-7	Набавка, транспорт и монтажа на електрично биро	Парче	1,00	10.150,00	10.150,00	(18%) 1.827,00	11.977,00
					Вкупно	**17.778,00 ден**	**3.200,04 ден**	**20.978,04 ден**

Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **17.778,00** (**седумнаесет илјади седумстотини седумдесет и осум денари**).
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **3.200,04** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.